Ј.З.У. Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА БОЛНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

Скопје, 2018

Ј.З.У. Институт за јавно здравје
на Република Македонија

# АНАЛИЗА НА ИСКОРИСТЕНОСТА НА БОЛНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2017 ГОДИНА

Скопје, 2018

**Ј.З.У. Институт за јавно здравје на Република Македонија-Скопје**

**ДИРЕКТОР, Асс. д-р Шабан МЕМЕТИ**

**СЕКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА, АНАЛИЗА И СЛЕДЕЊЕ НА НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

| | |
|---|---|
| **проф.д-р. Елена Ќосевска** | Раководител на Секторот за промоција, анализа и следење на незаразни болести<br>Специјалист по социјална медицина со организација на здравствена дејност |

**Стручна обработка:**

| | |
|---|---|
| **м-р д-р Тања Лековска-Стоицовска** | Началник на Одделение за следење на незаразни болести<br>Специјалист по социјална медицина со организација на здравствена дејност |

**ЦЕНТАР ЗА СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ЗДРАВСТВЕНИ ПОДАТОЦИ, ПУБЛИЦИСТИКА И ЕДУКАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| **Даниела Дуковска** | самостоен здравствен статистичар |

Техничка подготовка:
Борче Андоновски
Сузана Дунгевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

614.21(497.7)"2017"(047)

АНАЛИЗА на искористеноста на болничките капацитети во здравствените установи во Република Македонија во 2017 година/[изготвувач Тања Лековска-Стоицовска].- Скопје: Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2018. - 114 стр. : граф. прикази ; 30 см

Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-235-061-5

а) Здравствени установи - Искористеност на капацитети - Македонија - 2017 - Извештаи
COBISS.MK-ID 109245706

СОДРЖИНА

1. ПРЕДГОВОР 7

2. ВОВЕД 9

3. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА 10

4. ПОСТИГНАТ РАЗВОЈ И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА БОЛНИЧКО - СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 10

5. ФУНКЦИОНАЛНА АКТИВНОСТ НА БОЛНИЧКО – СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 15

6. ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ 16

7. УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ 36

8. СПЕЦИЈАЛНИ БОЛНИЦИ 45

9. ЗАВОДИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА 52

10. КОНСТАТАЦИИ 56

ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 61

# 1. ПРЕДГОВОР

*Информацијата за искористеноста на болничките капацитети во Република Македонија се изготвува согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Република Македонија и Планот и Програмата за работа на Институтот за јавно здравје на Република Македонија - Скопје.*

*Информацијата има за цел да ја прикаже организационата поставеност, територијалната дистрибуција, кадровската обезбеденост, функционалната активност и искористеноста на болничките капацитети во Р. Македонија, преку анализа на основните показатели за болничката дејност.*

*Извршено е ретроспективно истражување на болничката дејност во Република Македонија, во целина и по општини во период 1990, 2012-2017г. со детален приказ на работата и искористеноста на болничките капацитети во 2017 година.*

*Покрај рутинските статистички податоци при изготвувањето на Информацијата, користени се и стручни материјали и публикации од областа на болничката здравствена заштита, изготвени од Секторот за промоција, анализа и следење на незаразни болести и Центарот за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација при Институтот за јавно здравје на Република Македонија, информациите за искористеноста на болничките капацитети од центрите за јавно здравје, публикации издадени од други институции во Републиката (Министерство за здравство на Р.М., Државен завод за статистика на Р.М. и т.н.) и публикации од Светската здравствена организација.*

# 2. ВОВЕД

Република Македонија прифаќајќи ја стратегијата “Здравје за сите во 21-от век”, се определи за систем на здравствена заштита базирана на примарната здравствена заштита, а потпомогната и дополнета од секундарната и терциерната заштита, што е во согласност со заклучоците на Конференцијата во Алма - Ата - цел 26.

Пирамидата на здравствениот систем во Републиката е составена од следните составни елементи: база - примарна здравствена заштита која покрива околу 80% од здравствените потреби на популацијата, среден дел - секундарна здравствена заштита со која се покриени околу 15% од здравствените потреби и врв - терциерна здравствена заштита која претставува врвна високо специјализирана здравствена заштита, со која се задоволуваат околу 5% од здравствените потреби на населението.

**МРЕЖА НА БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПОСТЕЛЕН ФОНД СПОРЕД НИВОАТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, 2017**



Здравствената заштита во Македонија зависно од видот на здравствените услуги, се укажува во 29 универзитетски клиники, 4 клинички болници од кои една е приватна, 14 општи болници од кои една е приватна, 14 специјални болници од кои 4 се приватни, 5 центри за лекување и рехабилитација и бања и 7 вонболнички стационари.

Во тој ланец на здравствени организации многу важно место имаат болничко-стационарните организации во кои се укажува секундарна болничка здравствена заштита и во кои зафатеноста на постелниот фонд изнесува 66.4% од вкупниот постелен фонд.

Во универзитетските клиники, специјалните болници и заводите каде се одвива терциерната болничка здравствена заштита болничкиот фонд изнесува 32.9%, а во примарната – во вонболничките стационари постелниот фонд е 0.7%.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА

Информацијата претставува ретроспективно истражување на организацијата, обезбеденоста, работата и искористеноста на болничко-стационарните установи.

Користени се дескриптивен, епидемиолошки и статистички метод на истражување. Извршени се статистички пресметувања карактеристични за болничката дејност: број на постели на 1 000 жители, број на постели на 1 лекар, стапка на хоспитализација на 1 000 жители, просечно траење на лекување, зафатеност на болничката постела, искористеност на болничката постела, функција на болничката постела.

Статистички обработените податоци прикажани се табеларно и графички. Техничкото уредување на Информацијата е извршено во InDesign и Illustrator програм.

## 4. ПОСТИГНАТ РАЗВОЈ И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА БОЛНИЧКО - СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Болничката дејност е важен составен сегмент на севкупниот здравствен систем, преку која се обезбедува краткотрајна и долготрајна болничка здравствена заштита на населението, вклучувајќи дијагностика, лекување и рехабилитација, со болничка нега и третман на најтешките болни кои воопшто не можат да се згрижуваат или се лекуваат неефективно и

неквалитетно во амбулантно-поликлинички услови и преку домашно лекување. Во оваа дејност исто така, се обезбедува медицинско згрижување и нега на родилки и новороденчиња во стационарни услови. Од ваквата основна функција произлегува потребата во болничко-стационарната дејност да се концентрира голем број на високо-стручен специјалистички и субспецијалистички лекарски кадар, а исто така и друг квалификуван кадар и најсовремена медицинска опрема со висока технолошка вредност.

Болницата покрај куративна обезбедува и превентивна здравствена заштита, посебно здравствено-воспитна работа и едукација.

Од друга страна, стационарните институции се и едукативна база за практично оспособување и стручно усовршување на здравствените работници од различни профили, како и значајни носители на научно-истражувачката дејност во областа на медицината.

## 4. 1. Мрежа, структура и територијална распределеност на болничко-стационарните здравствени установи

Мрежата на здравствените установи, преку кои се обезбедуваше стационарна здравствена заштита на населението во Р.Македонија во 2017 г. ја сочинуваат 66 болнички институции и 7 вонболнички стационари како следат:

а) 14 Општи (Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Велес, 8 Септември - Скопје, Скопје – Општа болница – Ре-Медика)
б) 4 Клинички болници (Битола, Тетово, Штип, Скопје-Систина)
в) 14 Специјални болници
- 3 Специјални болници за градни болести и туберкулоза;
- Институт за белодробни заболувања кај деца - Скопје;
- 3 Специјални болници за душевни болести;
- Специјална болница за гинекологија и акушерство - Чаир
- Геронтолошки завод “13 Ноември”
- Специјална болница за ортопедија и трауматологија - Охрид
- 4 Приватни специјални болници;
г) 5 Центри за лекување, рехабилитација и бања;
д) 27 Универзитетски клиники;
ѓ) Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија;
е) Универзитетска клиника за хируршки болести “Св.Наум Охридски”
ж) 7 Вонболнички стационари.

Од 66 болници 52 се болници за краткотрајно (акутно) лекување, а 14 за долготрајно лекување. Стапката на болници на 100000 население во Р.Македонија во 2017 година е 3.2 и е над просекот за Европскиот регион од 3.09 соодветно во 2014 година (последен достапен податок). Додека стапката на акутни болници на 100000 население во 2017 година е 2.5 и исто

така е над просекот за Европскиот регион од 1.98 во 2014 година (последен достапен податок).

Во информацијата се прикажува и организационата поставеност, кадровската обезбеденост, функционалната активност и искористеноста на капацитетите на шаст приватни болници: Општа болница – Ре-Медика, Специјална болница – Клиника Жан Митрев, Клиничка болница – Систина, Специјална болница за гинекологија и акушерство – Санте плус, Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство – Плодност и Европска болница за вид, Скопје.

Со оглед дека мрежата на болничките капацитети во еден период бележеше интезивен развој надминувајќи ги реалните потреби и планските определувања во одделни подрачја, што особено се однесува на болничките капацитети во некои општи и клинички болници, се доведе до уситнетост, нерационалност и недоволно искористување на тие капацитети.

Меѓутоа во последните неколку години се бележи намалување на болничкиот капацитет.

* Со “Одлука за поделба на Јавната здравствена установа Универзитетски клинички центар”, бр. 19-3434/1 од 08.06.2008 година, Универзитетскиот клинички центар се дели на 30 универзитетски клиники од кои 26 клиники вршат болничко-стационарно лекување. Од 2016 година Клиниката за кардиохирургија почнува да доставува извештаи и со тоа бројот на клиники кои вршат болничко-стационарно лекување се зголемува на 27.

## 4. 2. Постелен фонд во болничко - стационарните здравствени организации

Постои тренд на намалување на бројот на болничките капацитети, односно постели како резултат на настојувањата за рационална, економична и ефикасна здравствена заштита. Бројот на постелите во болничко-стационарните организации во Република Македонија во периодот 1990, 1995-2016 г. прикажан на табела 1 покажува намалување на бројот на постели од 11119 во 1990 г. на 9770 во 2002 г., 9183 во 2009 г. до 9117 во 2013 г., 9084 во 2015 г., 9059 во 2016 г. и 8879 во 2017г., при што обезбеденоста со постели изнесува 5.5 постели на 1000 жители во 1990 г., 4.8/1000 во 2002г., 4.5/1000 жители во 2009 г. до 4.4/1000 во период 2012 - 2016 година и 4.3/1000 жители во 2017 г.

Според утврдените критериуми на СЗО обезбеденоста со 4.3 постели на 1000 жители категоризира во средно обезбедување со постели. Структурата на постелниот фонд по видови на болничко стационарни организации, во Р.Македонија во 2016-2017 г. е прикажана во табела 2 и 3.

Општите и клиничките болници учествуваат со најголем процент од 45.4% (4034 постели во 2017 г.) во вкупната структура, потоа следат

27-те универзитетски клиники со 1903 постели во 2017 г. или 21.4%. Психијатриските болници ангажираат 11.1% од вкупниот број постели во Републиката. Приватните болници располагаат со 320 постели или 3.6% од вкупниот број на постели во Р. Македонија.

Од вкупно 8879 болнички постели 6629 постели се за акутно лекување или 74.7%, а 2250 постели или 25.3% за долготрајно лекување. Стапката на кревети за акутно лекување на 100000 население во Републиката во 2017 година е 319.86 и е под нивото на Европскиот регион од 433.05 во 2014 година (последен достапен податок). Дистрибуцијата на постелниот фонд по видови болнички организации и по општини во Р. Македонија во 2017 г. детално е прикажана во табела 4.

## 4. 3. Кадровска обезбеденост на болничко – стационарната дејност

Обезбеденоста на болничко - стационараната дејност во Р. Македонија со здравствени работници е релативно добра.

Во 2017 година во болничко - стационараната дејност во Р. Македонија работат вкупно 2121 лекари од кои 1634 се специјалисти. И вкупниот број на лекари и бројот на специјалисти е намален во однос на 2016 година кога во болниците работеле 2197 лекари од кои 1637 биле специјалисти. Индексот на динамика за лекарите специјалисти 2017/2016 изнесува 99.8. Бројот на вработени со средна и висока стручна спрема во 2017 изнесува 5238 и е зголемен во однос на 2016 година (5136) вработени.

Здравствените работници во сите болничко-стационарни установи во Р.Македонија во 2017 г. се прикажани во табела 2 и дијаграм 1.

**Дијаграм 1. Здравствени работници во болничко - стационарните организации во Р.М., 2017 година**



Важен показател на обезбеденоста на болничката дејност со лекари е просечниот број на постели на 1 лекар по болнички одделенија во општите и клиничките болници. Во табела 5 прикажан е просечниот број постели по еден лекар по болнички одделенија во општите и клиничките болници во Р. Македонија во 2017 г. Во сите болнички одделенија на ниво на Републиката просечниот број на постели на 1 лекар е далеку под предвидениот норматив.

Во табелите во прилог детално е прикажана кадровската обезбеденост во болничко - стационарните установи по видови, на ниво на Република и по општини.

## 4.4. Просторни услови и обезбеденост со опрема на болничко - стационарните здравствени организации

Користејќи ги анализите за искористеноста на болничките капацитети доставени од сите центри за јавно здравје и извештајот на службата за болничко-стационарно лекување обр. бр. 3-21-60, како извор на податоци за изготвување на Информацијата, не е можно да се прикаже просторната обезбеденост и опременост на болничко - стационарните здравствени установи. Во информациите изготвени од центрите за јавно здравје за искористеноста на болничките капацитети на нивното подрачје, нецелосно се прикажани податоците за овие индикатори на обезбеденост.

Од податоците добиени од информациите за искористеноста на капацитетите на болничките здравствени установи на подрачјето на центрите за јавно здравје, се гледа дека сите болнички установи се наменски изградени. Работата на лекарите воглавно е организирана во една смена со дежурства и повик, а на персоналот со средна стручна спрема во смени.

Со Правилник точно се пропишани просторните услови за отпочнување и работа на болниците, како и за опремата неопходна за нормално функционирање.

За да се изврши сеопфатна анализа на просторните услови и обезбеденоста со опрема во болничко - стационарните установи, потребно е да се изврши дополнително истражување.

# 5. ФУНКЦИОНАЛНА АКТИВНОСТ НА БОЛНИЧКО – СТАЦИОНАРНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Болничката здравствена заштита во 2017г. во Р.Македонија се спроведуваше во болничките одделенија во општите и клинички болници, специјални болници, заводи и бања, 27-те универзитетски клиники, Универзитетската клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски", Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија и Воената болница во Скопје. Дел од болничката здравствена заштита се остваруваше и во болничките одделенија во здравствените домови за вршење на стационарно лекување во пократок временски период за родилките, како и за згрижување на итни случаи до нивното транспортирање во болничките одделенија на општите и клиничките болници.

Во 2017 г. во однос на 2016 г. се забележува незначително намалување од 0.6% на бројот на испишани болни. Стапката на хоспитализација на 1000 жители се намалува од 120.5/1000 во 2016 г. на 119.7/1000 во 2017 г. Бројот на болничките денови се зголемува за 2.0%, просечното траење на лекување по денови незначително се зголемува на 7.6 денови (7.5 денови во 2016г.) и е под нивото на вредноста за Европскиот регион од 8.67 денови во 2014 година (последен достапен податок). Просечното траење на лекување во болниците за акутно лекување во Р. Македонија во 2017г. е 5.2 денови и е под просекот за Европскиот регион од 7.1 денови во 2014 година (последен достапен податок). Бројот на лекувани болни на 1 болнички кревет годишно се зголемува од 27.6 во 2016г. на 27.9 во 2017 година (табела 1)

***Бројот на остварени болнички денови*** во 2017 г. во однос на 2016 г. ***се намалува*** во општите и клинички болници, Универзитетската клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски", Европската болница за вид, Институт за белодробни болести кај деца, Скопје, специјалните болници за белодробни болести и туберкулоза, Специјалната болница за ортопедија и травматологија "Св. Еразмо" – Охрид и вонболнички стационари, додека во останатите болнички установи се забележува зголемување на бројот на остварени болнички денови.

***Бројот на хоспитално лекувани болни*** во 2017 г. во однос на 2016 г. ***е намален*** во општите и клинички болници, Универзитетска клиника за хируршки болести "Св. Наум Охридски", Специјална болница "Жан Митрев", Европската болница за вид, Институт за белодробни болести кај деца, Скопје, специјалните болници за белодробни болести и туберкулоза, центрите за рехабилитација, Болница за лекување со природен фактор "Катланово" и вонболнички стационари, додека во сите останати болници е зголемен или не се менува значајно.

***Искористеноста на болничките постели*** на ниво на Република Македонија е 58.5%, 47.7% во општите и клиничките болници, 59.3% во 27-те универзитетски клиники, 45.1% во специјалните болници за градни болести и туберкулоза, 103.3% во невропсихијатриските болници и 96.6% во Геронтолошкиот завод.

Искористеноста на болничките постели за акутно лекување во Р. Македонија во 2017г. е 50.7 и е под нивото на вредноста за Европскиот регион од 86.73% во 2014 година (последен достапен податок).

***Просечното траење на лекување*** осцилира од 5.0 денови во општите и клиничките болници, 5.9 во 27-те универзитетски клиники, 10.9 во специјалните болници за градни болести и туберкулоза до 222.3 денови во невропсихијатриските болници (Табела 3).

Постелниот фонд, кадарот, работата и искористеноста во болничките организации во Републиката во 2017 г. по видови на болничко-стационарни здравствени организации детално е прикажана понатаму преку презентација на одделни параметри:

- лекувани болни;
- остварени болнички денови;
- просечно траење на лекување;
- искористеност на болнички постели;
- функција (обрт) на болничка постела.

# 6. ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ

## 6.1. Постелен фонд

Постелниот фонд во општите и клиничките болници во 2017 година е застапен со 4034 постели или 45.4% од вкупниот број на постели во Републиката и во однос на 2016 година се забележува намалување (4091 постели). Во 2017 година забележано е намалување на бројот на болнички постели во општите болници: Охрид, Прилеп и ГОБ 8-ми Септември-Скопје, а зголемување во Клиничка болница Битола.

**ПОСТЕЛЕН ФОНД ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М. 1990, 2012 – 2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | ИНДЕКС 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 430 | 391 | 391 | 391 | 391 | 391 | 391 | 100 |
| 2 | ГОСТИВАР | 237 | 210 | 210 | 210 | 203 | 203 | 203 | 100 |
| 3 | ДЕБАР | 66 | 78 | 78 | 80 | 78 | 78 | 78 | 100 |
| 4 | КИЧЕВО | 105 | 98 | 78 | 78 | 66 | 66 | 66 | 100 |
| 5 | СТРУГА | 132 | 96 | 82 | 84 | 97 | 84 | 84 | 98,4 |
| 6 | ОХРИД | 240 | 138 | 146 | 192 | 192 | 192 | 189 | 102,6 |
| 7 | БИТОЛА | 669 | 646 | 585 | 542 | 514 | 500 | 513 | 95,9 |
| 8 | ПРИЛЕП | 415 | 343 | 362 | 310 | 340 | 340 | 326 | 100 |
| 9 | КАВАДАРЦИ | 120 | 119 | 119 | 119 | 119 | 119 | 119 | 100 |
| 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 198 | 123 | 123 | 123 | 123 | 130 | 130 | 100 |
| 11 | СТРУМИЦА | 297 | 297 | 297 | 297 | 307 | 307 | 307 | 100 |
| 12 | ШТИП | 543 | 459 | 462 | 462 | 412 | 406 | 406 | 100 |
| 13 | КОЧАНИ | 248 | 165 | 165 | 165 | 165 | 149 | 149 | 100 |
| 14 | ВЕЛЕС | 291 | 309 | 309 | 309 | 309 | 269 | 269 | 100 |
| 15 | КР.ПАЛАНКА | 110 | - | - | - | - | - | - | - |
| 16 | КУМАНОВО | 405 | 322 | 314 | 305 | 333 | 333 | 333 | 100 |
| 17 | СКОПЈЕ | - | 463* | 471* | 471* | 524 | 524 | 471 | 89,9 |
| 18 | ВКУПНО | 4506 | 4250 | 4192 | 4138 | 4173 | 4091 | 4034 | 98,6 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здраствени податоци, публицистика и едукација

___________

* бројот е рапидно зголемен заради болничките кревети од Клиничката болница „Систина“(до 2009 беше специјална болница, а во 2010г. е преименувана во Клиничка болница)

Структурата на постелниот фонд по болнички одделенија во општите и клиничките болници, во периодот 1990, 2012-2017 г.е прикажана во табела 6 и дијаграм 2-5.

Бројот на постелите во општите и клиничките болници во Републиката е распределен како следува:

- над 500 постели во 1 клиничка болница: Клиничка болница - Битола 513 постели.
- 300-500 постели во 4 општи и 2 клинички болници: Прилеп 326, Куманово 333 постели, Струмица 307 постели и ГОБ 8 септмеври Скопје – 314 постели, како и во клиничките болници Тетово 391 и Клиничка болница – Штип 406.

- 100-299 постели во 6 општи болници и 1 клиничка болница: Гостивар-203, Охрид 189, Кавадарци 119, Гевгелија 130, Кочани 149, Велес 269 и во Клиничка болница Систина 115.
- под 100 постели во 4 општи болници: Струга 84, Кичево 66, Дебар 78 и општа болница Ре-Медика 42 постели.

**Дијаграм 2 Структура на вкупниот постелен фонд во болничките одделенија во општите и клиничките болници во Р.М., 2017**




Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје

Интерното одделение е на прво место со учество од 19.3% или 777 постели во 2017 г., што во однос на 2016 г. претставува намалување за 0.5%. Хируршкото одделение е на второ место и учествува со број на постели кој осцилира од 842 во 1995 г. или 19.5%, до 585 или 14.0% во 1999 г., 557 или 14.1% во 2009 г., 687 постели или 16.5% во 2015г., 683 постели или 16.7% во 2016г. и 683 постели во 2017 или 16.9%. Детското одделение е на трето место со учество од 406 постели или 10.1%. (Дијаграм 2).

**Дијаграм 3** **Структура на вкупниот постелен фонд во интернистичките и хируршките болнички одделенија во општите и клиничките болници во Р.М.,2017**




Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје

Интернистичките одделенија доминираат во вкупната структура на постели со 53.3%, во однос на хируршките кои учествуваат со 46.7% (Дијаграм 3)

**Дијаграм 4** **Структура на постелен фонд во интернистичките болнички одделенија во општите и клиничките болници во Р. М.,2017**




Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје

Во структурата на **интернистичката група болнички одделенија** водечки се интерното (36.1%), детското (18.9%), инфективното одделение (14.2%), невропсихијатриското (10.8%) и др. Дијаграм 4.

**Дијаграм 5 Структура на постелен фонд во хируршките болнички одделенија во општите и клиничките болници во Р. М.,2017**




Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје

Во **групата хируршки болнички одделенија** најмногу постели има во хируршкото одделение (36.3%), потоа акушерското одделение (19.6%), гинекологошкото (13.9%), очното одделение (8,0%) (Дијаграм 5).

Одделението за неврохирургија располага со 6 постели и постои само во Клиничката болница во Битола.

## 6.2. Лекувани болни

Вкупниот број на лекувани болни во општите и клиничките болници во Републиката во 2017г. е помал во однос на 2016 г. со индекс 98.3. Индексот на динамика на лекувани болни е над 100 во Клиничка болница Битола и општите болници во Дебар, Струга, Охрид, Струмица и Кочани.

**ЛЕКУВАНИ БОЛНИ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | ИНДЕКС 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 10447 | 15071 | 16286 | 13936 | 13209 | 13000 | 8126 | 62,5 |
| 2 | ГОСТИВАР | 7375 | 7228 | 7455 | 6665 | 5903 | 7076 | 6282 | 88,8 |
| 3 | ДЕБАР | 1749 | 2406 | 3294 | 2954 | 3203 | 4203 | 4616 | 109,8 |
| 4 | КИЧЕВО | 3685 | 2467 | 1757 | 1873 | 1654 | 1825 | 1631 | 89,4 |
| 5 | СТРУГА | 4003 | 7750 | 6901 | 6405 | 6720 | 7388 | 14774 | 200,0 |
| 6 | ОХРИД | 5482 | 6283 | 5323 | 8302 | 8705 | 8037 | 8243 | 102,6 |
| 7 | БИТОЛА | 13051 | 15952 | 13737 | 13542 | 12248 | 12269 | 12895 | 105,1 |
| 8 | ПРИЛЕП | 9898 | 13207 | 14247 | 13592 | 12861 | 12448 | 10127 | 81,4 |
| 9 | КАВАДАРЦИ | 4874 | 5236 | 5170 | 3371 | 5292 | 5355 | 4853 | 90,6 |
| 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 3638 | 3172 | 2974 | 3285 | 3246 | 2992 | 3426 | 114,5 |
| 11 | СТРУМИЦА | 5716 | 7596 | 10057 | 8317 | 9183 | 7467 | 8295 | 111,1 |
| 12 | ШТИП | 13918 | 13213 | 11883 | 13601 | 13571 | 12953 | 12888 | 99,5 |
| 13 | КОЧАНИ | 7783 | 4188 | 4328 | 4413 | 4009 | 3014 | 3156 | 104,7 |
| 14 | ВЕЛЕС | 10064 | 7554 | 7172 | 7102 | 6238 | 6425 | 5741 | 89,4 |
| 15 | КР.ПАЛАНКА | 2602 | - | - | - | - | - | - | - |
| 16 | КУМАНОВО | 11461 | 9650 | 10853 | 11395 | 9761 | 9716 | 9406 | 96,8 |
| 17 | СКОПЈЕ | - | 21204* | 22475* | 26046* | 26237* | 30098 | 27283 | 90,6 |
| 18 | ВКУПНО | 115746 | 142177 | 143912 | 147201 | 142040 | 144266 | 141742 | 98,3 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

Бројот на лекуваните болни во 2017г. во општите и клиничките болници во Републиката е поголем во интернистичките болнички одделенија 72405 (51,1%), во споредба со хируршките болнички одделенија 69337 (48,9%).

Стапката на хоспитализација на 1000 жители во општите и клиничките болници изнесува околу 69 болни.

Во групата интернистички одделенија во целиот период 1990-2017 г., водечки се интерните одделенија со 19.523 испишани болни во 1990 г., односно 34282 во 2017г. (23001 во 2009г). Потоа следат детските одделенија со 15077 испишани болни деца во 1990 г., односно 16505 во 2017г. (16165 во 2009г). Инфективните одделенија се на трето место по број на лекувани болни со 4.857 во 1990 г. и 7729 во 2017г. (7811 во 2009г). Најмалку болни во 2017 г. се лекувани во пневмофизиолошките одделенија - 497 испишни болни.

Во групата на хируршки болнички одделенија најмногу болни се лекувани во хируршките одделенија и тоа 25998 во 2017г., потоа во акушерските 16325 во 2017г. (17711 во 2009г.). Во гинеколошките одделенија лекувани се 10177

жени во 2017г. (9916 во 2009г.). Најмал број лекувани болни се регистрирани во одделението за неврохируригија - 204.

## 6.3. Болнички денови

Во сите општи и клинички болници во Републиката во 2017г. остварени се 701940 болнички денови, што покажува намалување во однос на 2016г. (731663 денови). Во општите и клиничките болници во Дебар, Струга, Охрид, Битола, Гевгелија, Струмица и Кочани се забележува зголемување на бројот на остварени болнички денови, додека во другите општи и клинички болници се намалува бројот на остварени болнички денови во 2017 во однос на 2016 година.

Од сите остварени болнички денови во општите и клиничките болници 61.1% (428764) се во интернистичките одделенија, а 38.9% или 273176 во хируршките. Истите одделенија кои доминираа во структурата на вкупно лекуваните болни, доминираат и во структурата на остварените болнички денови.

**ОСТВАРЕНИ БОЛНИЧКИ ДЕНОВИ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М. 1990, 2012-2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | ИНДЕКС 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 71975 | 71654 | 79411 | 63136 | 52615 | 50672 | 35255 | 69,6 |
| 2 | ГОСТИВАР | 45859 | 34729 | 34174 | 30919 | 26511 | 31946 | 29174 | 91,3 |
| 3 | ДЕБАР | 7961 | 11284 | 10961 | 8972 | 9739 | 11009 | 12299 | 111,7 |
| 4 | КИЧЕВО | 19275 | 10392 | 13186 | 17715 | 13040 | 15132 | 12837 | 84,8 |
| 5 | СТРУГА | 20942 | 53760 | 24960 | 26910 | 24175 | 25803 | 30972 | 120,0 |
| 6 | ОХРИД | 42250 | 56001 | 29601 | 49705 | 55825 | 48177 | 52182 | 108,3 |
| 7 | БИТОЛА | 138781 | 119060 | 92277 | 85971 | 72083 | 65855 | 70429 | 106,9 |
| 8 | ПРИЛЕП | 79342 | 59994 | 61404 | 55862 | 50197 | 46159 | 39446 | 85,5 |
| 9 | КАВАДАРЦИ | 27867 | 24116 | 23693 | 25711 | 23555 | 24641 | 21330 | 86,6 |
| 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 34694 | 23950 | 22890 | 25621 | 26193 | 27067 | 29240 | 108,0 |
| 11 | СТРУМИЦА | 61552 | 45510 | 53847 | 47694 | 54219 | 39367 | 45561 | 115,7 |
| 12 | ШТИП | 169640 | 79238 | 80018 | 90967 | 81830 | 81957 | 78834 | 96,2 |
| 13 | КОЧАНИ | 62574 | 22065 | 23594 | 26181 | 23901 | 16891 | 19764 | 117,0 |
| 14 | ВЕЛЕС | 77324 | 53463 | 51150 | 47433 | 44684 | 44743 | 42236 | 94,4 |
| 15 | КР.ПАЛАНКА | 14431 | - | - | - | - | - | - | - |
| 16 | КУМАНОВО | 99832 | 60284 | 62320 | 66827 | 56764 | 54071 | 52876 | 97,8 |
| 17 | СКОПЈЕ | - | 115974 | 118656 | 132353 | 137831 | 148173 | 129505 | 87,4 |
| 18 | ВКУПНО | 974299 | 841474 | 782662 | 801677 | 753162 | 731663 | 701940 | 95,9 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

## 6.4. Просечно траење на лекување

Просечното траење на лекување во општите и клиничките болници во Републиката во 2017г. е 5.0 дена. Во одделни општи и клинички болници постојат варијации во должината на лекувањето на болните од најмалку 2.1 дена во Струга, до најмногу 8.5 дена во Гевгелија.

Просечното траење на лекување по болнички одделенија во општите и клиничките болници во Републиката во 2017г. се движи од најкратко 1.3 дена во одделението за максилофацијална хирургија, 1.9 во очните одделенија 2.5 во одделението за неврохирургија, 2.5 дена во гинеколошките одделенија, 2.9 во кардиолошките одделенија и т.н.

Најдолго траење на лекување е 17.3 дена во одделенијата за медицинска рехабилитација и 12.7 дена во психијатриските одделенија.

Во анализираниот период 1990, 2012 - 2017г. во повеќето болнички одделенија е скратено траењето на лекување. Значајно намалување на просечното траење на лекување во споменатиот период се забележува во невропсихијатриските, пневмофтизиолошките, дерматовенеролошките, инфективните, хируршките, оториноларинголошките, офталмолошките и уролошките одделенија.

**ПРОСЕЧНО ТРАЕЊЕ НА ЛЕКУВАЊЕ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | ИНДЕКС 2017/2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 6.9 | 4,8 | 4.9 | 4.5 | 4.0 | 3,9 | 4,3 | 110,3 |
| 2 | ГОСТИВАР | 6.2 | 4,8 | 4.6 | 4.6 | 4.5 | 4,5 | 4,6 | 48,9 |
| 3 | ДЕБАР | 4.6 | 4,7 | 3.3 | 3.0 | 3.0 | 2,6 | 2,7 | 103,8 |
| 4 | КИЧЕВО | 5.2 | 4,2 | 7.5 | 9.4 | 7.9 | 8,3 | 7,9 | 95,2 |
| 5 | СТРУГА | 5.2 | 6,9 | 3.6 | 4.2 | 3.6 | 3,5 | 2,1 | 60,0 |
| 6 | ОХРИД | 7.7 | 8,9 | 5.6 | 6.0 | 6.4 | 6,0 | 6,3 | 105,0 |
| 7 | БИТОЛА | 10.6 | 7,5 | 6.7 | 6.3 | 5.9 | 5,4 | 5,5 | 101,9 |
| 8 | ПРИЛЕП | 8.0 | 4,5 | 4.3 | 4.1 | 3.9 | 3,7 | 3,9 | 105,4 |
| 9 | КАВАДАРЦИ | 5.7 | 4,6 | 4.6 | 4.6 | 4.5 | 4,6 | 4,4 | 95,7 |
| 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 9.5 | 7,6 | 7.7 | 7.8 | 8.1 | 9,0 | 8,5 | 94,4 |
| 11 | СТРУМИЦА | 10.8 | 6,0 | 5.4 | 5.6 | 5.9 | 5,3 | 5,5 | 103,8 |
| 12 | ШТИП | 12.2 | 6,0 | 6.7 | 6.7 | 6.0 | 6,3 | 6,1 | 96,8 |
| 13 | КОЧАНИ | 8.0 | 5,3 | 5.5 | 5.9 | 6.0 | 5,6 | 6,3 | 112,5 |
| 14 | ВЕЛЕС | 7.7 | 7,1 | 7.1 | 6.7 | 7.2 | 7,0 | 7,4 | 105,7 |
| 15 | КР.ПАЛАНКА | 5.5 | - | - | - | - | - | - | - |
| 16 | КУМАНОВО | 8.7 | 6,2 | 5.7 | 5.8 | 5.8 | 5,6 | 5,6 | 100,0 |
| 17 | СКОПЈЕ | - | 5,9 | 5.3 | 5.1 | 5.3 | 4,9 | 4,7 | 95,9 |
| 18 | ВКУПНО | 8,4 | 5,9 | 5.4 | 5.4 | 5.3 | 5,1 | 5,0 | 98,0 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

## 6.5. Искористеност на болнички постели

Искористеноста на болничките постели во општите и клиничките болници во Републиката во 2017г. изнесува 47.7%, при што во интернистичките болнички одделенија е 54.6%, а во хируршките 39.8%.

Најголема искористеност на болничките постели има во одделенијата за кардиологија 107.2%, кардиохирургија 106.0%, медицинска рехабилитација 68.0%, неврологија 67.5%, интерните одделенија 66.2%, одделенијата за дерматовенерологија 64.8%, додека искористеноста е најниска во одделението за максилофацијална хирургија 10.7% и очните одделениија со искористеност од 19.0%.

Кај интернистичките одделенија во периодот 1990, 2012-2017г. искористеноста на постелите била најголема во интернистичките одделенија, одделенијата за медицинска рехабилитација, дерматовенеролшките и психијатриските одделенија.

Искористеноста кај хируршките болнички одделенија е најголема во уролошките, акушерските, ортопедските, хируршките одделенија и.т.н. Табела 6.

**Дијаграм 6 Искористеност на болнички постели во сите болнички одделенија во општите и клиничките болници во Р. М.,2017**

Интернистичка група




Хируршка група




### *6.5.1. Искористеност на интерното одделение во општите и клиничките болници во Р.М., 1990, 2012-2017г.*

Искористеноста на интерните одделенија во повеќето општи и клинички болници во Републиката во период 1990-2017г. е под официјално усвоениот

стандард за болничката здравствена заштита 95%, а исто така и под неофицијално усвоениот стандард 80-85%.

Најниска искористеност на интерното одделение е во Клиничката болница во Тетово 20,1%.

**ИСКОРИСТЕНОСТ НА ИНТЕРНОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 60.9 | 55,3 | 54.4 | 45.2 | 42.6 | 36,3 | 20,1 |
| 2 | ГОСТИВАР | 39.0 | 33,1 | 38.4 | 38.0 | 33.2 | 42,0 | 32,2 |
| 3 | ДЕБАР | 60.7 | 60,6 | 64.2 | 52.3 | 56.1 | 74,2 | 85,3 |
| 4 | КИЧЕВО | 46.7 | 51,8 | 74.7 | 74.8 | 78.1 | 85,2 | 65,5 |
| 5 | СТРУГА | 71.5 | 149,8 | 72.8 | 71.3 | 77.4 | 81,8 | 111,6 |
| 6 | ОХРИД | 64.4 | 158,5 | 41.4 | 79.8 | 103.5 | 80,2 | 85,1 |
| 7 | БИТОЛА | 86.5 | 84,0 | 87.0 | 84.2 | 86.1 | 88,6 | 90,1 |
| 8 | ПРИЛЕП | 72.9 | 48,6 | 48.7 | 53.8 | 49.3 | 40,0 | 37,3 |
| 9 | КАВАДАРЦИ | 91.0 | 75,1 | 80.3 | 90.0 | 80.0 | 78,6 | 74,8 |
| 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 52.3 | 52,0 | 67.8 | 73.1 | 71.4 | 79,0 | 108,2 |
| 11 | СТРУМИЦА | 103.0 | 101,5 | 119.1 | 69.8 | 116.8 | 113,3 | 138,9 |
| 12 | ШТИП | 83.0 | 80,0 | 91.2 | 93.8 | 94.6 | 98,4 | 91,7 |
| 13 | КОЧАНИ | 69.2 | 50,7 | 58.8 | 65.0 | 56.4 | 45,5 | 44,6 |
| 14 | ВЕЛЕС | 69.3 | 40,4 | 46.3 | 47.5 | 49.9 | 44,4 | 33,0 |
| 15 | КР.ПАЛАНКА | - | - | - | - | - | - | - |
| 16 | КУМАНОВО | 82.8 | 81,9 | 95.0 | 83.1 | 79.4 | 68,7 | 77,3 |
| 17 | СКОПЈЕ 8 СЕПТЕМВРИ | - | 87,1 | 73.9 | 97.2 | 86.0 | 95,2 | 55,0 |
| 18 | Р.МАКЕДОНИЈА | 71.1 | 74,3 | 69.0 | 70.3 | 72.8 | 70,8 | 66,2 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

### *6.5.2. Искористеност на инфективното одделение во општите и клиничките болници во Р.М., 1990, 2012-2017г.*

Во 1990 година инфективните одделенија во општите болници во Куманово, Штип и Струмица имаат искористеност во рамките на стандардот од 80%, додека во инфективното одделение во Охрид искористеноста е над стандардот. Во 2017 година искористеноста на инфективните одделенија во општите и клиничките болници во Р. Македонија е под предвидениот стандард, освен во болниците во Гостивар, Охрид и 8-ми Септември, Скопје каде искористеноста е во рамките на стандардот.

Најмала искористеност во 2017 година има инфективното одделение во Клиничката болница во Битола со 4,5%.

**ИСКОРИСТЕНОСТ НА ИНФЕКТИВНОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 63.2 | 38,4 | 55.1 | 49.2 | 40.3 | 41,9 | 22,4 |
| 2 | ГОСТИВАР | 33.4 | 144,5 | 111.9 | 82.9 | 62.3 | 70,7 | 72,4 |
| 3 | ОХРИД | 110.3 | 85,5 | 79.7 | 76.0 | 88.4 | 81,5 | 75,9 |
| 4 | БИТОЛА | 19.3 | 38,7 | 14.8 | 17.9 | 11.6 | 6,8 | 4,5 |
| 5 | ПРИЛЕП | 48.9 | 38,1 | 31.4 | 72.2 | 33.4 | 44,8 | 36,6 |
| 6 | СТРУМИЦА | 73.1 | 60,9 | 43.9 | 49.0 | 64.6 | 27,8 | 25,0 |
| 7 | ШТИП | 74.2 | 41,5 | 40.2 | 70.2 | 55.0 | 63,4 | 60,1 |
| 8 | ВЕЛЕС | 65.6 | 39,1 | 30.9 | 42.6 | 37.5 | 37,8 | 32,6 |
| 9 | КУМАНОВО | 85.4 | 60,4 | 65.0 | 85.5 | 70.3 | 65,8 | 61,3 |
| 10 | КИЧЕВО | - | 44,7 | - | - | - | - | - |
| 11 | СКОПЈЕ 8 СЕПТЕМВРИ | - | 72,9 | 76.2 | 139.0 | 68.3 | 47,9 | 94,2 |
| 12 | Р.МАКЕДОНИЈА | 61.4 | 54,3 | 46.4 | 61.6 | 49.3 | 45,2 | 41,9 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје

Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

### *6.5.3. Искористеност на детското одделение во општите и клиничките болници во Р.М., 1990, 2012-2017г.*

Искористеноста на детското одделение во скоро сите општи и клинички болници во Републиката е под официјалниот стандард од 95% во периодот 1990, 2012-2017 година, освен на детското одделение во Општата болница во Струга каде искористеноста е над предвидениот стандард или во рамките на стандардот. Во 2017 година искористеноста на детското одделение во Клиничка болница – Систина со 118,4 % и Општата болница Гостивар со 97,3% е над предвидениот стандард.

Многу ниска искористеност во 2017 година има во детските одделенија во во општата болница во Дебар 27,0%, и во клиничките болници Штип 24,5%, Битола 13,1% и Тетово 17,1% .

**ИСКОРИСТЕНОСТ НА ДЕТСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 32.0 | 59,7 | 55.6 | 44.9 | 33.2 | 35,9 | 17,1 |
| 2 | ГОСТИВАР | 51.1 | 34,4 | 43.4 | 35.7 | 29.3 | 47,2 | 45,1 |
| 3 | ДЕБАР | 23.3 | 25,0 | 26.2 | 18.6 | 21.0 | 28,2 | 27,0 |
| 4 | КИЧЕВО | 25.7 | 11,0 | 38.4 | 87.8 | 69.2 | 93,3 | 97,3 |
| 5 | СТРУГА | 20.8 | 196,0 | 135.4 | 111.2 | 89.2 | 93,6 | 135,0 |
| 6 | ОХРИД | 37.9 | 64,5 | 62.2 | 74.6 | 86.3 | 69,0 | 79,0 |
| 7 | БИТОЛА | 19.0 | 18,7 | 11.4 | 32.8 | 26.2 | 16,1 | 13,1 |
| 8 | ПРИЛЕП | 34.1 | 38,1 | 66.1 | 53.9 | 49.6 | 48,8 | 31,0 |
| 9 | КАВАДАРЦИ | 57.4 | 49,4 | 47.1 | 60.5 | 52.7 | 60,8 | 48,6 |
| 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 38.5 | 28,3 | 14.3 | 17.3 | 57.3 | 50,6 | 41,3 |
| 11 | СТРУМИЦА | 23.9 | 60,6 | 59.4 | 63.0 | 45.6 | 26,0 | 30,4 |
| 12 | ШТИП | 62.4 | 41,5 | 28.9 | 31.9 | 21.1 | 23,4 | 24,5 |
| 13 | КОЧАНИ | 21.2 | 21,9 | 23.4 | 20.4 | 15.1 | 13,7 | 32,9 |
| 14 | ВЕЛЕС | 41.1 | 39,1 | 75.5 | 57.5 | 23.3 | 64,6 | 65,7 |
| 15 | КР. ПАЛАНКА | 11.8 | - | - | - | - | - | - |
| 16 | КУМАНОВО | 50.6 | 53,2 | 60.7 | 77.8 | 45.7 | 45,6 | 35,5 |
| 17 | СКОПЈЕ - СИСТИНА | - | 48,6 | 35.8 | 33.8 | 104.0 | 140,2 | 118,4 |
| 18 | Р. МАКЕДОНИЈА | 35.0 | 50,5 | 47.1 | 50.5 | 39.8 | 45,0 | 43,8 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје

Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

### *6.5.4. Искористеност на невропсихијатриското одделение во општите и клиничките болници во Р.М., 1990, 2012-2017г.*

Во 2017 година, невропсихијатриските одделенија во општите болници во Гостивар, Гевгелија и Кочани работат со многу мала искористеност. Во останатите болници искористеноста е повисока, но е под предвидениот стандард. Невропсихијатриското одделение во Клиничка болница – Битола и Општа болница – Куманово во 2007 година е трансформирано во невролошко и психијатриско одделение.

**ИСКОРИСТЕНОСТ НА НЕВРОПСИХИЈАТРИСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ТЕТОВО | 55,2 | - | - | - | - | - | - |
| 2 | ГОСТИВАР | 68,4 | 26,7 | 34.6 | 31.8 | 32.1 | 37,1 | 37,7 |
| 3 | ОХРИД | 67,8 | 84,5 | 79.1 | 59.3 | 67.2 | 67,7 | 66,3 |
| 4 | БИТОЛА | 69,9 | - | - | - | | - | - |
| 5 | ПРИЛЕП | 56,0 | 76,0 | 84.0 | 50.7 | 44.5 | 34,4 | |
| 6 | КАВАДАРЦИ | 46,3 | 59,3 | 63.9 | 62.3 | 56.8 | 65,7 | 54,9 |
| 7 | ГЕВГЕЛИЈА | 29,0 | 33,2 | 37.4 | 37.8 | 27.6 | 29,9 | 30,3 |
| 8 | СТРУМИЦА | 94,5 | 34,1 | 49.7 | 45.0 | 41.3 | 16,1 | 28,3 |
| 9 | ШТИП | 77,2 | - | - | - | - | - | - |
| 10 | КОЧАНИ | 84,0 | 25,1 | 31.5 | 50.4 | 45.7 | 14,4 | 39,2 |
| 11 | ВЕЛЕС | 77,0 | 89,9 | 82.0 | 75.3 | 76.6 | 70,2 | 55,7 |
| 12 | КУМАНОВО | 81,5 | - | - | - | - | - | - |
| 13 | КР.ПАЛАНКА | - | - | - | - | - | - | - |
| 14 | СКОПЈЕ–8 СЕПТЕМВРИ | - | 88,6 | - | - | - | - | - |
| 15 | Р. МАКЕДОНИЈА | 75,8 | 56,1 | 57.8 | 51.2 | 48.8 | 38,1 | 44,4 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

### 6.5.5. *Искористеност на пневмофтизиолошкото одделение во општите и клиничките болници во Р.М., 1990, 2012-2017г.*

Во 2017г. во Републиката пневмофтизиолошко одделение постои само во Клиничка болница - Битола. Искористеноста е многу ниска и истата изнесува 20,0%.

**ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПНЕВМОФТИЗОЛОШКОТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М., 1990, 2012-2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | БИТОЛА | 51,6 | 63,8 | 53.4 | 57.8 | 29.1 | 21,8 | 20,0 |
| 2 | ШТИП | 60,8 | - | - | - | - | | - |
| 3 | СКОПЈЕ | 70,2 | - | - | - | - | - | - |
| 4 | Р. МАКЕДОНИЈА | 64,4 | 63,8 | 53.4 | 57.8 | 29.1 | 21,8 | 20,00 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

### 6.5.6. *Искорисшеносш на одделениешо за медицинска рехабилишација во општите и клиничките болници во Р.М., 1990, 2012-2017г.*

Искористеноста на одделението за медицинска рехабилитација во Клиничката болница Штип со 52,7% и Клиничката болница Битола со 57,8% во 2017 г. е под предвидениот стандард. Додека искористеноста на одделението за медицинска рехабилитација во општа болница Гевгелија во со 85,6% и во општа болница Велес со 80,6% е во рамките на предвидениот стандард.

**ИСКОРИСТЕНОСТ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ВО ОПШТИТЕ И КЛИНИЧКИТЕ БОЛНИЦИ ВО Р.М.,1990, 2012-2017**

| | ОПШТИ И КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ | 1990 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ГОСТИВАР | 22,9 | - | - | - | - | - | - |
| 2 | БИТОЛА | 82,1 | 76,3 | 105.5 | 120.8 | 84.6 | 70,1 | 57,8 |
| 3 | ПРИЛЕП | 53,5 | - | - | - | - | - | - |
| 4 | ГЕВГЕЛИЈА | 48,3 | 80,6 | 77.7 | 85.4 | 85.2 | 88,2 | 85,6 |
| 5 | ШТИП | 187,9 | 74,9 | 56.1 | 56.6 | 60.8 | 54,8 | 52,7 |
| 6 | КОЧАНИ | 65,9 | - | - | - | - | - | - |
| 7 | ВЕЛЕС | 94,9 | 75,6 | 72.1 | 56.2 | 77.1 | 84,4 | 80,6 |
| | Р. МАКЕДОНИЈА | 80,8 | 76,8 | 77.0 | 78.9 | 75.5 | 72,8 | 68,0 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија – Скопје
Центар за статистичка обработка на здравствени податоци, публицистика и едукација

